# ВЕСТ Живот

**ПРОМЕНИ НА "МАКФЕСТ"**



# Уметничкиот директор Скендеровски заминува, доаѓа извршниот продуцент Габровски

Со новиот начин на избор за песни кои ќе бидат изведени на "Макфест 2002" институцијата уметнички директор се надминува и на нејзино место се воведува функцијата извршен продуцент, одговорно лице кое ќе ги координира авторите и сé она што стои зад песните, до следење на комплетната мелодиската линија на фестивалот. Ова на некој начин и ги потврдува шпекулациите дека досегашниот уметнички директор на "Макфест", Валентино Скендеровски заради укинување на функцијата ќе си замине, а извршен продуцент ќе биде Кристијан Габровски. Шпекулациите ни ги потврди и директорот на "Макфест", Стојан Троицки, кој ни рече дека фестивалот е жива материја и секоја персонална промена не е страшна.

"Со сите досегашни уметнички директори на фестивалот сме добри пријатели и понатаму ќе останеме добри соработници, зашто се професионалци. Значи дека не постои никаква кавга меѓу мене и Валентино. Тој под пазарни услови и понатаму ќе добива задачи од "Макфест". Над "Макфест" никој нема монопол и затоа одвреме-навреме се прават повремени промени, не смеат да се создаваат кланови и нема да се дозволат муабети од типот местење награди", вели Троицки и додава дека "од годинава, според конкурсот, фестивалот повеќе нема да ги избира пејачите, аранжерите, авторите на текстовите... За тоа се задолжени авторите на песните, но извршниот продуцент може да им сугерира во нивниот избор. Значи, дел од ингеренциите што досега ги имаше уметничкиот директор сега се префрлени во рацете на авторите на песната или продуцентските куќи".

Досега фестивалот во изборот на пејачите се наметнуваше над авторите, но сега, според конкурсот, тие права ги има тимот кој ја направил песната, иако пак сé ќе биде под супервизорство на "Макфест". Ваквата промена на изборот на песните уследи и по објавувањето дека фондот на наградите на "Макфест" од годинава е преголем. Колку за потсетување, наградата за вокална интерпретација изнесува 60 илјади денари, која може да биде поделена на неколку пејачи, наградите за аранжман и текст се 30 илјади денари и еден аранжер или текстописувач нема да има повеќе од три аранжмана или текста на фестивалот, додека авторите на музика ќе имаат најмногу две.

Троицки најави дека од годинава ќе има и промена во системот на гласање, токму поради големиот фонд награди. Гласањето со влезници се суспендира, а новиот начин на гласање нема да го откриваат сé до почетокот на фестивалот. *(В.М.)*



# "Златна бубамара" за животно дело на Есма и Зафир



Петтото по ред доделување на "Златна бубамара" на популарноста, во организација на радио "Бубамара", ќе се одржи на 13 февруари во Универзалната сала. Овој пат организаторите се одлучија да се оди на принцип антиреклама и на тој начин да се укаже на регуларноста и добрата организираност. По традиција, сé ќе се одвива во живо, а ќе настапат сите оние ѕвезди кои во изминатата година најмногу направиле во областа на музиката, спортот и културата. Наградите за животно дело се веќе познати, нив ќе ги добијат Зафир Хаџиманов и Есма Реџепова. Домаќин и оваа година ќе биде Тони Михајловски, кој како водителот на "МТВ мјузик наградите" Али Ци, неколку пати ќе се пресоблекува во необична гардероба. Инаку, неколку дена пред доделувањето на "Златните бубамари", во едно од нашите кина ќе биде промовиран и документарецот во кој најинтересните досега наградени зборуваат за "Златната бубамара на популарноста". На промоцијата ќе биде организирана и аукцијата за сликата "Моќта на сцената" која ја креираа сите наградени минатата година со свои потписи и цртежи. Документарецот го изработи "Прва партизанска продукција", а средствата од продадената слика ќе одат во хуманитарни цели. *(М.Џ.)*

# Во "Ребис" ќе се вежба и хип-хоп

**Во балетското студио "Ребис" ќе се вежба и хип-хоп! Часовите по хип-хоп ќе ги држи Саша Ефтимова, која во Америка студирала и учела хип-хоп, фанк, модерен џез... и тоа со најдобрата професорка од бродвејската сцена. Саша во Америка била член на студиото "Степ", каде кореографка била Миа Мајлс, кореограф на последната турнеја на Мадона. Сите кои сакаат да вежбаат хип-хоп можат да се обратат во студиото "Ребис", каде во тек се запишувањата. (В.М.)**